| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ХЕМАТОЛОГИЈА** |
| 2. | Код | МЛД222 |
| 3. | Студиска програма | Тригодишни стручни студии по медицинско-лабораториска дијагностика |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ – Медицински факултет<br>Катедра за интерна медицина |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус |
| 6. | Академска година / семестар | година: втора; семестар: 4 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 13 |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник<br>Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис<br><br>*наставата ја изведуваат сите наставници од Катедрата за интерна медицина од областа Хематологија |
| 9. | Јазик на кој  се изведува наставата | македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Положени испити од прва година: Анатомија, Морфологија и физиологија на клетка, Хистологија. |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Разликување на морфологијата и функциите на клеточните елементи.<br>Подготовка и анализа на периферна размаска, аспират од коскена срцевина, препарат од пунктат на лимфен јазол и други палпатори тумори.<br>Подготовка за реализација на лабораториски анализи, организирање и планирање количини на лабораториски реагенси.<br>Разбирање на корелацијата на хематолошки лабораториски вредности во корелација со возраста.<br><br>Класифицирање на анемиите и малигните хематолошки заболувања<br>Одредување и селекција на лабораторски дијагностички процедури потребни во поедините хематолошки заболувања.<br>Самостојна работа на хематолошките бројачи.<br>Самостојно земање на  примерок  на венска крв и капиларна крв од прст<br>Самостојно микроскопирање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Познавање на основна контрола на работата во лабораторијата и лабораториски информатички систем<br>Вовед во основните процеси на акредитација на лабораторија<br>Препознавање на бласти во периферна размаска и коскена срцевина<br>Познавање на хематопоетски органи.<br>Запознавање со методот проточната цитометрија, изведување на анализите и толкување на основните резулати во корелација со хематолошките заболувања.<br>Запознавање со основните тестови за нарушување на хемостазата, изведување и интерпретација на истите.<br>Споредба и толкување на добиени хематолошки анализи. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава **(60 часа)**<br>Хематопоеза, органи на хематопоеза, структура и функција на хематопоетските органи, фетална хематопоеза, коскена срцевина, лимфен систем, моноцитно-фагоцитен систем, крвни клетки еритроцити, леукоцити, тромбоцити, еритропоеза, гранулопоеза, тромбоцитопоеза.<br>Физиолошко создавање, регулација на еритропоезата, еритропоетин.<br>Хемоглобин- градба, функција, метаболни процеси во еритроцитите, рутински хематолошки анализи, перифиферна размаска<br>Вовед во заболувањата на еритропоезата- анемија, полицитемија, класификација на анемиите-макроцити, микроцитини, сидеропоенични, хемолитички анемии наследни/стекнати хемолитички анемии порадимембрански дефект, хемолитични анемии имуни/неимуни.<br>Леукоцити- гранулопоеза, морфологија на леукоцитите, наследни аномалии на леукоцитите, лимфоцити во периферна крв, лимфоцити во ткива, функција на лимфатичен и гранулопоетски систем, диференцијална крвна слика, интерпретација, специфичност на вирусните заболување, бактериски болести, малигни болести. Вовед во хематолошки малигни болести, леукемии, лимфоми, поделба и класификации. Значење на лабораториските анализи во рано откривање и дијагноза на леукемиите и лимфомите, значајни хематолошки анализи, анализа на коскена срцевина, функција состав, пункција и интерпретација на наоди. Специфичности на педијатриската хематопоеза<br>Хематолошки бројачи, контрола на работата во хематолошки лаборатории, планирање на потребни реагенси за работа во лабораторија, акредитација на лабораторија, лабораториски информатички систем.<br>Значење на проточна цитометрија во дијагностиката на хематолошки заболувања, принцип на работа, апликативност, протокол за работа, панели на моноклонални антитела кои се користат во дијагноза и следење на хематолошки заболувања.<br>Дијагноза и следење со проточна цитометрија на акутна леукемија, хронична лимфоцитна леукемја и лимфопролиферативни заболувања, мултипен миелом,состојби на имундефицит-Т, Б, НК клеточни субсетови.<br>Запознавање со најзначајните вродени и стекнати нарушувања на процесот на хемостаза. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Лабораториски тестови за нарушување на хемостазата, изведување и интерпетација на резултатите од следните тестови: број на тромбоцити,тестови за тромбоцитна функција и време на крварење, протромбинско време и INR, активирано парцијално тромбопластинско време,тромбинско време, концентрација на фибриноген – квантитативни тестови и тестови за фибринолиза<br>Корелација на резулатите со позначјаните вродени и стекнати состојби на нарушувања на хемостазата<br>Вовед во плазма клеточните дискразии и лабораториска дијагностика на плазмаклеточни дискразии. Анализа на резултат од крвна слика и периферна размаска со наод за rouleaux форми, биохемиска анализа на крвта, квантитативно ниво на имуноглобулини, детекција на М протеин со електрофореза и имуноелектрофореза( имунофиксациона електрофореза), детекција на лесни ланци, уринарни тестови за детекција на БЈ протеини,анализа на аспират од коскена срцевина.<br>**Практична настава (60 часа)**<br>Совладување на клинички вештини и практична примена на стекнатото теоретско знаење | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзан со сите предметни од студиската програма.<br>Положени испити од прва година: Анатомија, Морфологија и физиологија на клетка, Хистологија. | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивни предавања, практични вежби, изготвување на семинарски теми од делот на:<br>Периферна размаска- интерпретација кај хематолошки заболувања<br>Стернална пункција и аспират од биопсија на коска со интерпретација на наоди кај хематолошки заболувања<br>Лабораториски аспект на инфективни компликации кај малигни хематолошки заболувања, фебрилна неутропенија- приказ на искуства од секојдневната практика<br>Мултипен миелом од клинички аспект -приказ на искуства од секојдневната практика<br>Хемофилија и коагулациони дефекти -приказ на искуства од секојдневната практика<br>Проточна цитометрија- приказ на искуства од секојдневната практика | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | **390** | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава; часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 60 часа вежби;<br>30 часа семинари |
| | | 16.3. | Пракса: часови | 60 часа |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 60 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 150 |
| 18 | Услови за потпис | За да добие потпис, студентот треба да освои минимум бодови од посета на теоретска и практична настава.<br>За да пристапи на завршен испит, студентот треба да ја/ги положи континуиранaта/ите проверка/и. | | |

Доколку проверката не е положена во предвидената колоквиумска недела, студентот пристапува кон **комплетен завршен испит** кој претставува комбинација од тест од неположената проверка и завршен испит.

Оценката за предметот се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите од сите активности, континуираната проверка и завршниот испит.

<table>
<tr><th colspan="2">Вид на активност</th><th>Предмет</th></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Теоретска настава</td><td>6-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Практична настава</td><td>6-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Семинарска работа</td><td>6-10</td></tr>
<tr><td colspan="2">Континуирана проверка</td><td>24-40</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Завршен испит</td><td>Писмен дел</td><td></td></tr>
<tr><td>Практичен дел</td><td>18-30</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>60-100</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови (континуирани проверки): бодови | 24-40 мин.-макс.<br>Континуирани проверки: 2 теста. Секој тест се смета за положен со освоени минимум 12, а максимум 20 бодови. |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 6-10 мин.-макс. бодови |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | **Устен испит: 18 – 30 мин. – макс. бодови**<br>Устен дел (интегративен) – прашања на кои се испрашува интегративното знаење кое е битно за разбирање на целината на предметот и медицинската практика. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 60 х до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 69 х до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Студентска анонимна евалуација за предметот, наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Група автори | Интерна медицина, дерматологија, инфективна болест за дипломирана медицинска сестра | УКИМ, Медицински факултет-Скопје, Катедра по интерна медицина, Република Северна Македонија | 2022 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Генадиева Ставриќ и сор | Интерна медицина | Скопје: Винсент графика | 2020 |